# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 14 * година V * вторник, 28 декември 2010 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk www.karpos.gov.mk

Скопје, декември 2010 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2011 година**

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2011 година донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08- 10815/1**
**28.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 16 од Статутот на Општина Карпош („Службен весник на Репбулика Македонија“ бр. 01/06), Советот на Општина Карпош на Дваесет и осмата седница одржана на 24 декември 2010 година донесе

## П Р О Г Р А М А

за изменување и дополнување на Програмата за дејноста
спорт за 2011 година

**Член 1**

Во Програмата за дејноста спорт за 2011 годин („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 12/10) се врши изменување и дополн ување, и тоа:

Во текстуалниот дел од Програмата - „Спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош“ по точка 5, се додаваат следните точки:

,6. ПОДДРШКА НА ПЛИВАЧИ ЗА УЧЕСТВО НА РАЗНИ СВЕТСКИ ПЛИВАЧКИ НАТПРЕВАРИ

Општина Карпош ќе ги потпомогне најквалитетните и најталентираните пливачи од својата територија, бидејќи 2011 година е предолимписка година каде што нашите пливачи ќе треба да исполнат норма за учество на летните олимписки игри во Лондон 2012 година, а исто така во 2011 година во Шангај се одржува и светското првенство во пливање. Дел од овие буџетски средства ќе бидат наменети и за единаесетте талентирани пливачи од Општина Карпош на кои ќе им се плаќат термини за тренинг на олимпискиот базен.

7. ПОДДРШКА И ПОМОШ НА ДРУГИ СПОРТИСТИ, СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ИНСТИТУЦИИ, ТУРНИРИ И ПРОЕКТИ ОД СПОРТОТ

8. ОСУСОК, Проект: ЗАБАВЕН УЧИЛИШЕН СПОРТ

Со овој проект се ангажирани стручни лица – наставници по физичко и здравствено образование, кои ќе ја потпомогнат наставата од прво до петто одделение во деветгодишно основно образование во осовните училишта на територија на Општина Карпош.

9. РАБОТНИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ

Работничките спортски игри традиционално се одржуваат секоја година во Струга во месец Мај. На овие игри вработените од Општинската администрација ги покажуваат своите натпреварувачки способности во конкуренција со другите работни организации.

**10. ШАХОВСКИ ДОМАШЕН И МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР**
Општина Карпош ќе организира два шаховски турнири. Еден домашен и меѓународен професионален турнир, на кој ќе бидат поканети шаховски велемајстори од други земји од Европа.„

Во табеларниот преглед од програмата - „Спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош :

- во точка 1 СТРЕЕТ БААЛ, ресурси трошоци наместо износот „300.000,00“ да стои „250.000,00“;
- во точка 2 – училишни спортски игри Карпош и ревијален натпревар АЛЛ СТАР во делот ресурси трошоци наместо износот „5.000.000,00“ да стои износот „4.500.000,00“;
- во точка 3 – Пролетен крос Карпош 2011, во делот ресурси - трошоци, наместо износот „500.000,00“ да стои износот „300.000,00“
- во точка 5 –Материјална поддршка на спртски клубови од подрачјето на Општина Карпош наместо износот 3.000.000,00 да стои износот 2.600.000,00 .

Во табеларниот дел од Програмата - „Спортски манифестаци под организација и покровителство на Општина Карпош“ после точката 5 се додаваат точките 6, 7,8,9 и 10, и тоа:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. Подршка на пливачи за учество на разни светски пливачки натпревари | Континуирано преку цела 2011 година | Општина Карпош | Промовирање на Општина Карпош и популаризација на пливањето | Специфична припрема и подготовка на спортисти<br>Патни трошоци<br>Сместување и слично<br><br>*1.500.000,00 денари* |
| 7. Поддршка и помош на други спортисти, спортски клубови, спортски институции, турнири и проекти од спортот | Континуирано преку цела 2011 година | Општина Карпош | Промовирање на Општина Карпош и популаризација на спортот | Сектор за дејности од јавен интерес<br>Одделение за спорт и култура<br>Промовиање<br>Потпомагање на спортисти и спортски тимови<br><br>*1.200.000,00 денари* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. ОСУСОК, Проект: ЗАБАВЕН УЧИЛИШЕН СПОРТ | од Јануари до Јуни и од Септември до Декември 2011 година | Општина Карпош | Стручен кадар по физичко и здраствено образование<br>Асистирање на оделенските наставници, при реализација на годишната програма по Физичко и здравствено образование | Сектор за дејности од јавен интерес<br>Оделение за спорт и култура<br>Оделение за образование<br>*1.800.000,00 денари* |
| 9. Работнички спортски игри | Мај<br>Јуни,<br>2011 година | Општина Карпош | Продолжување и континуитет на досегашните спортски успеси | Спортска опрема за учесниците<br>Патни трошоци и сместување<br>*350.000,00 денари* |
| 10. Шаховски домашен (аматерски) и меѓународен професи - онален турнир | Ноември, 2011 година | Општина Карпош | Промовирање на Општина Карпош и популаризација на Шахот | Сектор за дејности од јавен интерес<br>Оделение за спорт и култура<br>Изнајмување простор за натпреварите<br>Судии<br>Шаховски реквизити<br>Награди<br>Сместување на натпреварувачите кои како гости од другите земји ќе земат учество на меѓународниот турнир<br>*1.180.000 денари* |

Член 2

Во текстуалниот дел од Програмата- Спортски активности под покровителство на Општина Карпош:

- во точка 1- Меморијален турнир во мал фудбал , наместо зборовите „група на граѓани од населба Козле, Урбана заедница „Кузман Јосифовски Питу“ да стојат зборовите „Здружение на граѓани Меморијален турнир Јован Миновски – Јозо од Скопје“;
- во точка 3 –OPEN FUN FOOTBOLL наместо зборовите „од прво до петто“ да стојат зборовите „второ до четврто„ .

  - по точка 3 се додава нова точка 4 која гласи: Проект„Врело Матка“ Поддршка на нуркачот Васко Соколов за поддршка на Проектот “Врело матка“што треба да се реализира во март 2011 година.

Во текстуалниот дел од програмата точките 4 и 5 се бришат.

Во табеларниот дел од Програмата-Спортски активности под покровителство на Општина Карпош:

- во точка 1- Меморијален турнир во мал фудбал , организатор покровител се менува и гласи: „Здружение на граѓани Меморијален турнир во мал фудбал Јован Миновски –Јозо од Скопје“;
- во точка 2- Меморијален турнир Сокол , организатор покровител се бришат зборовите „Урбана заедница Карпош 1“;
- во точка 3- OPEN FUN FOOTBOLL , организатор покровител се додаваат зборовите „Хуманитарна организација OPEN FUN FOOTBOLL – подружница Скопје Република Македонија“ и во делот очекуван резултат наместо зборовите „прво и петто“ да стојат зборовите „второ до четврто“ , и во ресурси трошоци наместо износот „300.000,00“ да стои износот „250.000,00“,

- точката 5 станува точка 4 и гласи:

Точките 4,5,6, и 7 се префрлаат во делот спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош..

**Член 2**

Програмата за изменување и дополнување на Програмата дејноста спорт за 2011 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Б рој 07-10333/1<br>24.12.2010 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за заштита на потрошувачите на подрачјето на Општина Карпош за период 2011-2012 година**

1.Се објавува Програмата за заштита на потрошувачите на подрачјето на Општина Карпош за период 2011-2012 година донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-10815/2**
**28.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 126 став 4 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија “ бр. 38/2004,77/2007 и 103/2008 ) Советот на Општина Карпош на седницата одржана на ден 24 декември 2010 година донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА ПЕРИОД 2011-2012 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Заштитата на потрошувачите во современите развиени демократски општества е препознаена како едно од правата во корпусот на права на човекот и граѓанинот и како такво се вбројува во правата со највисок приоритет кои секоја држава е должна да ги заштитува низ правниот систем и соодветните политики.
Со заложбите за приклучување кон Евроатланските интеграции,а особено кон ЕУ,следејќи ги одредбите на Договорот за стабилизација и асоцијација и статусот на земја кандидат, Република Македонија транспонираше во своето законодавство цела низа директиви и препораки, што резултираше со донесувањето на првиот Закон на заштита на потрошувачи во 2000-та година и креирањето на првата конзистентна национална политика во 2006-та.Донесени се Програми за заштита на потрошувачите на Владата на РМ за 2007/2008 и 2009/2010 година,а се изготвува и програма за 2011/2012 година.
Потребата од креирање на локални потрошувачки политики се должи првенствено на процесот на децентрализација кој зафати подрачја кои се од исклучителна важност за процесот на заштита на потрошувачите како: образованието,здравството, локалните пазари,социјалата и слично, кои заедно со комуналните услуги кои традиционално се даваат на локално ниво,претставуваат значителен корпус на прашања од интерес на граѓаните-потрошувачи.
Со донесувањето на оваа Програма,Советот на Општина Карпош дава свој придонес во остварувањето на таканаречените

## ОСУМ ОСНОВНИ ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ

1. Право на задоволување- расположивост на основните потреби за стоки и услуги на територијата на Општината
2. Право на безбедни стоки и услуги кои се нудат на пазарот
3. Право на информираност за прашања од интерес на потрошувачите
4. Остварување на правото на избор,преку развој на малопродажната мрежа на територијата на општината.
5. Право (можност) да се чуе гласот на потрошувачите
6. Право на обештетување на потрошувачите кога нивните економски интереси се загрозени.
7. Право на образование на потрошувачите и
8. Право на здрава животна средина

Со оваа Програма се задолжуваат сите органи,тела,установи и други организации и институции кои делуваат на територијата на Општина Карпош во извршувањето на нивната дејност да ги почитуваат аспектите за заштита на потрошувачите утврдени со правната рамка,Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на РМ и оваа Програма.

## II. ПРАВНА РАМКА

Анализата покажува дека во најголема мерка регулативата на ЕУ е транспонирана во нашето законодавство и во моментов во правниот систем на Република Македонијасе во важност следните закони кои директно регулираат подрачја од интерес за заштита на потрошувачите :

- Закон за заштита на потрошувачите
- Закон за безбедност на производите
- Закон за безбедност на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната
- Закон за заштита на потрошувачите при потрошувачки кредити
- Закон за заштита на пациентите

Покрај овие,чисто потрошувачки закони,одредби од овој домен може да се најдат и во цела низа други закони и подзаконски акти,како што се Законот за облигациони односи,Законот за туристичка дејност, Законот за угостителска дејност,Законот за здравствено осигурување, Законот за здравствена заштита,Законот за лекови ,Законот за заштита на конкуренцијата ,Законот за електронски комуникации,Законот за домување и слично.

## III. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на програмата за заштита на потрошувачите на Општина Карпош е **сензибилизирање на јавноста** за заштитата на потрошувачите и **подигање на нивото на заштитата** на потрошувачите во Општина Карпош во наредните две години.

## IV. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2012 година во рамките на оваа Програма Ќе бидат реализирани следните активности:

- Јакнење на институционалната рамка и воспоставување соработка и координација помеѓу субјектите релевантни за заштита на потрошувачите ,со посебен аспект на државните инспекциски органи за спроведување на пазарниот надзор (континуирано)
- Активности за следење на состојбите на локалниот пазар од интерес на потрошувачите и нивно информирање (континуирано)
- Подигање на свеста на потрошувачите по однос на нивните права и улогата во пазарната економија (континуирано)
- Информирање на јавноста за измените на Законот за заштита на потрошувачите (планирано 2011 година)
- Едукација на членовите на Советот за заштита на потрошувачите во доменот на потрошувачкото право (2011)
- Едукација на членовите на Советот за заштита на потрошувачите во доменот на потрошувачките политики (2011)
- Пригодно одбележување на 15-март,светскиот ден на потрошувачите (2011 и 2012)
- Кампања за популаризација на правата на потрошувачите утврдени со Законот за права на пациентите (2012)
- Кампања за популаризација на правата на потрошувачите утврдени со Законот за потрошувачки кредити (2012)
- Информирање на граѓаните за новините во законот за градба (2012)
- Организирање на воспитно- образовни активности и отворени часови за различни аспекти на заштитата на потрошувачите во училиштата на територијата на Општината (во двете опфатени школски години)
- Соработка со Советот за заштита на потрошувачи на Владата на Р. Македонија и координирање на активностите (континуирано)
- Соработка со Организацијата на потрошувачи на Македонија ( ОПМ )
- Други активности од локално значење кои ќе произлезат во меѓувреме,доколку тоа го налага актуелниот момент,односно потребите.

## V. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Во имплементација на Програмата ќе се вклучат сите општински служби,јавни установи,јавните претпријатија,потрошувачки и сродни невладини организации и инспекциските органи кои делуваат во Општината во рамките на нивните надлежности и мисија.

Во периодот опфатен со Програмата Советот за заштита на потрошувачите на општината тесно ќе соработува и ќе ги координира активностите со Советот за заштита на потрошувачи на Владата на Република Македонија и со Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Во процесот на имплементација на Програмата,Советот за заштита на потрошувачите ќе остварува најтесна можна соработка со локалните медиуми,како и со БИЛТЕНОТ на Општина Карпош со цел да се информира и сензибилизира јавноста за Програмата и активностите кои се превземаат.

Имплементацијата на оваа Програма ќе ја следи Советот за заштита на потрошувачи на општината.Претседателот на Советот за процесот на реализација на Програмата тековно ќе го информира Градоначалникот и Претседателот на Советот на општината, а во текот на декември од секоја тековна година ќе поднесува и годишен извештај пред Советот на општината.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на оваа Програма ќе се врши со средства од Буџетот на Општината кои за 2011 година изнесуваат 200.000,00 денари,од донации и спонзорства, како и од вклучување на Општината во проекти од овој домен финансирани од претпристапните фондови на ЕУ и од други донатори.

VII.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

Број 07-10333/2
24.12.2010 година
Скопје,

Претседатвач
на Советот на Општина Карпош,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за Енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2008-2012 година**

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмат за Енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2008-2012 година донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-10815/3** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 05/2002) и член 16 од статутот на Општина карпош (“Службен гласник на Општина Карпош “ бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Дваесет и осмата седница одржана на 24 декември 2010 година донесе

# ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Програмат за Енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2008-2012 година

1.Се врши изменување и дополнување на Програмата за Енергетска ефикасност на Општина Карпош 2008-2012 година (“Службен гласник на Општина карпош“ бр.11/2008 и тоа:

-во глава 4 по точка 16 се додава нова точка 17 која гласи:

# 1. ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ 2008-2012

## *4.1 Активности и временски распоред*

| Проект/ Активност | Цел | Финансирано од | Партнери | Корисник | Проценета инвестиција (денари) | Време | Резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1) Грејни системи во основните училишта и детски градинки | Намалување на греењето во основните училишта за време на зимскиот распуст, празници и викенди, преку опремување на училиштата со опрема за регулација и далечинска контрола и управување | Општина Карпош | Топлификација АД | Општина Карпош и учениците од основните училишта и градинките | 700.000 (период на враќање 1 година) | 2008 реализирано | Намалени загуби и заштеда на топлинска енергија |
| 2) Воведување на двостепен режим на исклучување на уличното осветление на кејот на реката Вардар | Остварување на заштеда на електрична енергија преку регулација на интервалите со наизменично поединечно исклучување на секоја втора светилка од канделабрите во ноќните часови (зимски и летен | Општина Карпош | / | Општина Карпош и нејзините граѓани | 8.000 денари | 2008 реализирано | Заштеда на електрична енергија од 35% до 40%. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | режим) | | | | | | |
| 3) Замена на комплетното улично осветление во нас. Жданец | Замена на 95 светилки од 125 W со штедливи диодни светилки од 12 W со работен век од 50.000 часа и остварување на заштеда на електрична енергија | Општина Карпош, донаторски организации, Агенција за енергетика | Донаторски организации, Агенција за енергетика | Општина Карпош и нејзините граѓани | 600.000 денари | 2008 реализирано | Заштеда на електрична енергија од 60% до 70%. |
| **Проект/ Активност** | **Цел** | **Финансирано од** | **Партнери** | **Корисник** | **Проценета инвестиција (денари)** | **Време** | **Резултати** |
| 4) Поставување на семафори на соларна енергија на раскрсницата помеѓу улиците "Никола Тесла" и "Орце Николов" | Употреба на семафори кои користат сопствено енергетско напојување - соларна енергија, на раскрсницата помеѓу улиците "Никола Тесла" и "Орце Николов" | Општина Карпош, РСБСП | РСБСП | Општина Карпош и нејзините граѓани | 1.800.000 денари | 2008 реализирано | Заштеда на електрична енергија |
| 5) Интегриран проект за енергетска ефикасност за градинките и | -Замена на топлинската енергија за греење на објектите со геотермална | -Министерството за животна средина и заштита на | -Општина Карпош Градинки на територија на Општина | Општина Карпош Градинки на територij | 10 – 12 милиони евра | 2010-2011 | Целосна енергетски самостојни и независни објекти |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основните училишта | енергија. -Замена на врати и прозорци на објектите од аспект на термичка изолација -Замена на електричната енергија со соларна (фотоволтајџни системи) | човековата околина на РМ, -Министерството за екологија на Република Италија -Италијанската канцеларија при Министерството на РМ. -Други финансиски институции и организации | Карпош Основни училишта на територија на Општина Карпош Министерството за животна средина и заштита на човековата околина на РМ, -Министерството за екологија на Република Италија | а на Општина Карпош Основни училишта на територија на Општина Карпош | | | |

| Проект/ Активност | Цел | Финансирано од | Партнери | Корисник | Проценета инвестиција (денари) | Време | Резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6) Издвојување на командите за улично | Постигнување на целосна управувачка независност и | Општина Карпош, донаторски организации, | Донаторски организации, Агенција за енергетика, | Општина Карпош и нејзините граѓани | 7.000.000 денари | 2008-2010 | Навремено и ефикасно отстранување на дефектите на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| осветлување од трафостаниците на ЕВН | контрола врз системот за улично осветлување, вградување на софтверски вклопни часовници со дневно самоштелување на вклучување – исклучување на електрична енергија | Агенција за енергетика, Министерсво за транспорт и врски и ЕУ фондови | Министерсво за транспорт и врски и ЕУ фондови | | | | уличното осветлување и заштеда на електрична енергија |
| 7) Обуки на персоналот на општината, техничкиот кадар на основните училишта и градинки за енергетска ефикасност, инвеститорите и граѓаните. | Подобрување на знаењето и свеста за значењето на енергетска ефикасност во општината и образованието. | Општина Карпош | Донаторски организации | Општина Карпош | 1.000.000 (период на враќање 3 години) | 2009-2011 | Зголемена свест за енергетска ефикасност, придобивки во спроведување на програми за заштеда на енергија; иницирање за изработка на проекти за енергетска ефикасност, вклучување во годишниот буџет и инве-стициони планирање на општината. Искористување на знаењето добиено по завршување на курсевите. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Проект/ Активност** | **Цел** | **Финансирано од** | **Партнери** | **Корисник** | **Проценета инвестиција (денари)** | **Време** | **Резултати** |
| 8) Обновување на улично осветлување и субституција на постојните 400 W и 125 W светилки со пригушници со директни (без пригушници) штедливи 150 W и 70 W светилки | Подобрено осветлување на улиците, зголемена трајност на светилките, зголемен период на експлоатација, намалени сметки за улично осветление, зголемена безбедност на граѓаните | Општина Карпош | Општина Карпош | Општина Карпош | 14.000.000 (период на враќање до 2,5 години) | 2009-2010 | Подобрено осветление на улиците, повисок квалитет на осветление, зголемена трајност на светилките, намалување на трошоците за одржување. |
| 9) Катастар на локални субјекти, загадувачи на животната средина | Изготвување на катастар на локални субјекти загадувачи на животната средина; прилагодување на субјектите спрема | Општина Карпош, донаторски организации | Донаторски организации | Општина Карпош и нејзините граѓани | 3.075.000 (период на враќање 4 години) | 2008-2009 | Заштита и унапредување на животната средина |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | законската регулатива за намалување на штетното влијание врз животната средина и здравјето на граѓаните што живеат на подрачјето на Општина Карпош. | | | | | | |
| 10) Проект за реконструкција на осветлувањето на спортските комплекси во Општина Карпош | Заштеда на електрична енергија од 65 % во однос на постојните<br>Намалување на емисија на CO2<br>Подобра осветленост<br>Намалување на трошоци на одржување | Општина Карпош<br>Агенција за енергетика<br>Меѓународни фондации и институции итн. | Општина Карпош | Учениците и граѓаните на Општина Карпош | 8.723.900,00 денари | 2010 | заштеда на годишно ниво од:<br>Ел.енергија 246.696,2 KW<br>Јаглен 123.348 kg<br>Емисија$CO_2$ 191.189,56 kg<br>- Жива и олово 8 kg<br>Цврст отпад 120 kg<br>Пари 1.322.482 денари |
| **Проект/ Активност** | **Цел** | **Финансирано од** | **Партнери** | **Корисник** | **Проценета инвестиција (денари)** | **Време** | **Резултати** |
| 11) Реконструкција на осветлувањето во дворните места на | Подобрување на осветлувањето и безбедноста во кругот на овие објекти, замена на постоечките тела со | Општина Карпош<br>-Агенција за енергетика<br>-Меѓународни | Општина Карпош<br>Градинки на територија на Општина | Децата во градинките<br>Учениците во Основнит | 3.500.000,00 денари | 2010 | Помалку потреошена електрична енергија, подобрен степен на осветленост и безбедност. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| градинките и основните училишта | штедливи светилки и зголемување на бројот на канделабри објекти - 20 | институции и фондации | Карпош Основни училишта на територија на Општина Карпош | е училишта | | | |
| 12)Реконструкција на внатрешното осветлување во објектите на градинките и основните училишта | Намалување на потрошувачката на електрична енергија во работните простори на објектите. Подобрување на квалитетот на осветленост за работа и престој. | Меѓународни институции и фондови | Општина Карпош Градинки на територија на Општина Карпош Основни училишта на територија на Општина Карпош | Децата во градинките Учениците во Основните училишта | До 7.000.000,00 денари | 2010-2011 | Намалена потрошувачка на електрична енергија Подобрување на квалитетот на осветленост во работните простории во објектот |
| 13)Реконструкција на објекти на основните училишта | Поголема безбедност по здравјето на учениците и персоналот, услови за непречено одвивање на образовниот процес, заштеда на енергија и подобар квалитет на живеење на | -ИПА фонд на ЕУ<br>-УСАИД Програма за основно образование<br>-Општина Карпош | Општина Карпош Основни училишта на територија на Општина Карпош<br>-Петар Поп Арсов<br>-Лазо Трповски | Учениците во Основните училишта | 42.000.000,00 денари (4.500.000,00 од буџетот на Општината) | 2010 | Целосна замена на кровот (замена на материјалот на покривката, санирање на кровната плоча и поставување на изолација) и фасадната столарија во училиштата Петар |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | заедницата | | -Којдан Чернодрински | | | | Поп Арсов и Лазо Трповски.Целосна замена на покривот и нова громобранска инсталација во основното училиште Којдан Чернодрински. |
| **Проект/ Активност** | **Цел** | **Финансирано од** | **Партнери** | **Корисник** | **Проценета инвестиција (денари)** | **Време** | **Резултати** |
| 14) Осветлување на општински пат од Средно до Горно Нерези со соларни светилки | Поврзување на Средно и Горно Нерези со осветлена и безбедна делница на патот. | -Буџетот на Општина Карпош -други заинтересирани субјекти и инвеститори -меѓународни институции и фондови | -Општина Карпош -Други меѓународни институции и фондови | Граѓаните на Општина Карпош | 18.000.000,00 денари | 2010-2011 | Осветлување на целата делница на патот со светилки на соларна енергија |
| 15)_Изградба на технолошки парк | -Изградба на целосно енергетски независен објект по највисоките стандарди од ова област како показен за идните | -Општина Карпош со дефинирање локација и ослободување од комуналии - | -Општина Карпош Другите наведени заинтересирани субјекти | Општина Карпош Учениците од образовниот процес | 300.000,00 евра | 2010-2011 | -Прв ваков објект на Балканот од содржински аспект -Прв целосно енергетски независен објект како урнек за Инвеститорите за |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | инвеститори согласно Правилникот за енергетски ефикасни објекти.<br>-Содржински технолошки парк како образовен и иновативен центар кој ќе биде надградба во процесот на образование на младите и талентирани кадри. | Заинтересиран и субјекти за вградување на сопствена опрема<br>-Архитектонски факултет<br>-МАЦЕФ<br>-Меѓународни институции и фондации. | | | | | реализација на вакви градби |
| **Проект/ Активност** | **Цел** | **Финансирано од** | **Партнери** | **Корисник** | **Проценета инвестиција (денари)** | **Време** | **Резултати** |
| 16) Создавање на нови инфраструктурни мрежи за технолошка вода како | Проектот ја разработува можноста за користење на геотермалната енергија како | -Општина Карпош<br>-Меѓународни Институции и Банки и Фондови | Општина Карпош ФОНКО | Граѓаните на Општина Карпош | Во зависност од инфраструктурната мрежа | 2010-2011-2012 | Алтернативен систем на топлификационата мрежа нсо користење на обновливи извори на енергија на намалување на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| предуслов за употреба на геотермални пумпи како нов обновлив извор за греење и ладење на индивидуални, колективни и индустриски објекти | посебен ресурс надвор од класичното греење од топлификација, како нови инфраструктурни мрежи. | ФОНКО | | | | | емисија на СО2 |
| **17)Замена на системите за санитарна топла вода со сончеви колекторски системи со вакум инјекторски цевки во објектите на градинките во Општианта Карпош – / вкупно 10 објекти/** | **Со овој проект сите електрични бојлери од 60, 80 и 100 л. кои се користат за санитарна топла вода во кујните и санитарните простории, или вкупно на број = 60 бојлери ќе се заменат со високо продуктивни сончеви колектори кои целосно ја задоволат потребата за топла вода во овие објекти** | **Буџетот на Општината Карпош,Фондов и за енергетска ефикасност; средства од Светска банка преку Министерство за економија грант, и др.институции** | **- Општина Карпош<br>- Други партнери со кои ќе се затвара финансиската конструкција на проектот** | **-Децата од предшколските установи на територијата на Општина Карпош<br><br>вработени во овие установи** | **4.450.000,00 ден.** | **2011 и 2012 година** | **Со замена на сите електрични бојлери со вкупна моментална снага 190 KW и вкупна годишна потрошувачка на електрична енергија 693500 KW h или 693,5 MW h. или платени средст ва за оваа енергија од приближно 2.775.000,00 денари / со моменталните цени на електрична енергија /. Со замената се добива:<br>- помала потрошувачка на електрична енергија 693,5 MW h .<br>- заштеда на средства 2.775.000,00 денари ,** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | - помала емисија на ЦО 2 545 тони на годишно ниво и<br>- рок на враќање на инвестицијата помала од<br>< 2 години |

## Временски распоред за среднорочен акционен план МЕЕП 2008 – 2012 година

| | 2008 | | | | 2009 | | | | 2010 | | | | 2011 | | | | 2012 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** **Квартал** | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1) Грејни системи во основните училишта и детски градинки | | | ■ | ■ | ■ | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2) Воведување на двостепен режим на исклучување на уличното осветление на кејот на реката Вардар | | | ■ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3) Замена на комплетното улично осветление во нас. Жданец | | | | | | ■ | ■ | | | | | | | | | | | | | |
| 4) Поставување на семафори на соларна енергија на раскрсницата помеѓу улиците “Никола Тесла” и “Орце Николов” | | | | | | ■ | ■ | | | | | | | | | | | | | |
| 5) Интегриран проект за енергетска ефикасност за градинките и основните училишта | | | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | |
| 6) Издвојување на командите за улично осветлување од трафостаниците на ЕВН | | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | | | | | | | |
| 7) Обуки на персоналот на општината, техничкиот кадар на основните училишта и градинки за енергетска ефикасност, инвеститорите и граѓаните. | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | |
| 8) Обновување на улично осветлување и субституција на постојните 400 W и 125 W светилки со пригушници со директни (без пригушници) штедливи 150 W и 70 W светилки | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | | | | | | |
| 9) Катастар на локални субјекти, загадувачи на животната средина | | | | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | |
| 10) Проект за реконструкција на осветлувањето на спортските комплекси во Општина Карпош | | | | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | | | | | |
| 11) Реконструкција на осветлувањето во дворните места на градинките и основните училишта | | | | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | | | | | |
| 12)Реконструкција на внатрешното осветлување во објектите на градинките и основните училишта | | | | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | |
| 13)Реконструкција на објекти на основните училишта | | | | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | | | | | |
| 14)_Осветлување на општински пат од Средно до Горно Нерези со соларни светилки | | | | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | |
| 15)_Изградба на технолошки парк | | | | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16) Создавање на нови инфраструктурни мрежи за технолошка вода како предуслов за употреба на геотермални пумпи како нов обновлив извор за греење и ладење на индивидуални, колективни и индустриски објекти | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **17)Замена на системите за санитарна топла вода со сончеви колекторски системи со вакум инјекторски цевки во објектите на градинките во Општианта Карпош – / вкупно 10 објекти/** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

5. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

Број 07-10333/3
24.12. 2010 година
Скопје

Претседатвач
на Советот на Општина Карпош,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација,делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација,делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпошдонесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-10815/4** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовс,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 02/2005) и член 16 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на Дваесет и осмата седница одржана на 24.12.2010 година донесе

**О Д Л У К А**
за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош

**Член 1**

Во Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 10/2009), се врши изменување и дополнување и тоа:

- **во дел А. Сектор за правни работи**, по точката А.3, се додава нова точка А.4 , која гласи: „Одделение за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности”;
- **во член 4 во дел В Сектор за финансии** по точката В.3 се додава нова точка В.4 , која гласи: „Одделение за финансиски прашања”;
- **во член 4 во дел И. Сектор инспекторат** по точкат И.2 се додава нова точка И.3 , која гласи:„Одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на Општината”;

**Член 2**

Во член 5 дел А. Сектор за правни работи, по алинеа 6, се додава нова алинеа 7, која гласи: „врши работи од областа на недвижниот имот и експропријацијата на недвижности”.

**Член 3**

Во член 5, дел А. Сектор за правни работи, по точката А.3, се додава нова точка А.4, која гласи: „Одделение за недвижен имот и постапака за експропријација на недвижен имот:

- извршување на утврдената политика во областа на управувањето со недвижниот имот на Општината;
- следење на законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, сопственоста, концесиите, облигационите односи и слично и се грижи за нивната примена;

- координира и се грижи за подготвувањето на среднорочниот и долгорочниот план за управување со недвижниот имот на Општината, во соработка со другите сектори во општинската администрација;
- водење евиденција за недвижниот имот и имотните права и интереси на Општината / во пишана и електронска форма/;
- проценување и искажување на вредноста на недвижниот имот, во согласност со закон;
- следење на состојбата на недвижниот имот, во смисла на степен на одржаност и потреба од одржување;
- предлагање мерки за заштита на недвижниот имот и заштита на имотните права и интересите на Општината;
- спроведување на постапката за експропријација на недвижности заради реализација на работи од јавен интерес;
- организирање, координирање и учествување или непосредно изготвување одлуки и други прописи, договори за закуп, продажба и купување на недвижен имот, програми, информации и други акти, и
- вршење на други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 4**

Во член 7 дел В.Сектор за финансии, по алинеа 13 се додава нова алинеа 14 која гласи: „врши работи од областа на финансиското работење и контрола”.

**Член 5**

Во членот 7, дел В. Сектор за финансии, се додава нова точка В.4 која гласи:

- „Одделение за финансиски прашања;
- вршење на работите од областа на финансиското работење и контрола;
- спроведување контрола на буџетот / контрола на подготовката и извршувањето на буџетот/;
- спроведување еџалте и еџ пост финансиска контрола;
- координирање на процесот за подготвување, изменување и дополнувањето на буџетот и стратешкиот план на Општината;
- координирање на процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување финансиското управување и контрола;

- координирање на процесот на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот и подготвување на годишната сметка и годишниот финансиски извештај;
- давање мислење по предлогот на актите што ги изготвуваат другите организациони единици и предлогот на актите на други субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на Општината;
- спроведување заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирање во билансот на состојбата, и
- вршење други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 6**

Во членот 13, дел 3. Сектор за заштита на животната средина и природата, во алинеа 8, зборовите „вршење стручен надзор и,,се бришат.

**Член 7**

Во член 15 дел 4 Сектор-Инспекторат во алинеа 7 се додаваат зборовите,,и Законот за јавната чистота,, и во дел ’.2 Одделение за комунална инспекција во алинеа 2 по зборот,,согласно,, се додаваат зборовите Законот за јавната чистота и согласно,,

**Член 8**

Во членот 15, дел 4. Сектор инспекторат, по алинеа 10, се додава нова алинеа 11, која гласи:

- „ врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на Општината согласно Законот за просветната инспекција, Законот за угостителска дејност, Законот за туристичка дејност, Законот за спорт, Законот за даноците на имотот, Законот за комуналните такси Законот за таксата за привремен престој и Законот за домување”.

**Член 9**

Во членот 15 дел И. Сектор Инспекторат се додава нова точка И.3, која гласи: „Одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на Општината”.

- вршење на работи на инспекциски надзор над работите од другите надлежности на Општината;
- следење , односно спроведување на законите, подзаконските акти и прописите на Општината согласно Законот за животната средина, Законот за просветната инспекција, Законот за угостителство, Законот за туристичка дејност, Законот за спортот, Законот за даноците на имот Законот за комуналните такси, Законот за таксата за привремен престој и Законот за домување;
- водење управна постапка во прв степен и донесување решенија;
- вршење стручна обработка на прашања од значење за примена на законсктие прописи;
- поднесување барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постпака, и
- вршење други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува по добиената Согласност од Агенцијата за државните службеници.

Број 07-10333/4 ПРЕТСЕДАВАЧ
24,12.2010 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновск,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надоместок за градежно неизградено земјиште за населени места на подрачјето на Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надоместок за градежно неизградено земјиште за населени места на подрачјето на Општина Карпош донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-10815/5**
**28.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02/, Советот на Општина Карпош на Дваест и осмата седница одржана на 24 декември 2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надоместок за градежно неизградено земјиште за населени места на подрачјето на Општина Карпош**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на надоместок за градежно неизградено земјиште за населени места на подрачјето на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 5/2010 и 6/2010/, се врши следната измена и дополнување:

- Основот на Одлуката, во ред 1 пред зборот „член“ се додаваат зборовите „член 47 од Законот за градежното земјиште /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/08/;

- Името на Одлуката се менува и гласи: „Одлука за утврдување на надоместок за грдежно земјиште за населени места и вон населени места надвор од опфатот со Деталниот урбанистички план на подрачјето на Општина Карпош“.

- Во член 1 ред 1 по зборот „градежно“ се брише зборот „неизградено“ и во ред 1 по зборот „места“ се додаваат зборовите „и вон населени места надвор од опфатот на Деталниот урбанистички план“;

- Во член 3 од Одлуката, во ред 1, по зборот „градежно“ се брише зборот „неизградено“ и во ред 1 по зборот „место“ се додаваат зборовите „надвор од опфатот на Деталниот урбанистички план“;

- Во член 4 од Одлуката во ред 1 по зборот „градежно“ се брише зборот „неизградено“;
- Во член 6 став 3 ред 1од Одлуката, наместо зборот „признаница“ да стои зборот „потврда“, и во истиот став ред 2, наместо зборот „добиваат“ да стои зборот „добива“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-10333/5
24.12.2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за локален водоснабдителен систем-Резервоар за санитарна вода W=100м3, на дел од КП 2770 и дел од КП 2766,м.в.“Зарина“ КО Нерези и локален водоснабдителен систем-резервоар за санитарна вода W=100м3 на дел од КП 3233/1 м.в. “ПЕПЕРУПА“ КО Нерези Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за локален водоснабдителен систем-Резервоар за санитарна вода W=100м3, на дел од КП 2770 и дел од КП 2766,м.в.“Зарина“ КО Нерези и локален водоснабдителен систем-резервоар за санитарна вода W=100м3 на дел од КП 3233/1 м.в. “ПЕПЕРУПА“ КО Нерези Општина Карпош донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-10815/6** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 50а став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија“ број 51/2005, 137/2007, 91/2009 и124/2010) Советот на Општина Карпош на Дваесет и осмата седница одржана на 24 Декември 2010 година донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за локален водоснабдителен систем-Резервоар за санитарна вода W=100м3, на дел од КП 2770 и дел од КП 2766,м.в.“Зарина“ КО Нерези и локален водоснабдителен систем-резервоар за санитарна вода W=100м3 на дел од КП 3233/1 м.в. “ПЕПЕРУПА“ КО Нерези Општина Карпош

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за локален водоснабдителен систем -Резервоар за санитарна вода W=100м3, на дел од КП 2770 и и дел од КП 2766,м.в.“Зарина“ КО Нерези, Општина Карпош-Скопје и локален водоснабдителен систем-резервоар за санитарна вода W=100м3 на дел од КП 3233/1 м.в. “ПЕПЕРУПА“ КО Нерези Општина Карпош со намена комунална супраструктура Е2,заради усогласување на параметрите на градење по иницијатива на Општина Карпош.

Член 2

Параметрите за градење (површина за градење и максимална висина на градба) ќе се усогласат според стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е графички прилог, комплет локална урбанистичка планска документација за документација за локален водоснабдителен систем-Резервоар за санитарна вода W=100м3, на дел од КП 2770 и и дел од КП 2766,м.в.“Зарина“ КО Нерези и локален водоснабдителен систем-резервоар за санитарна вода W=100м3 на дел од КП 3233/1 м.в. “ПЕПЕРУПА“ КО Нерези Општина Карпош.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-10333/6<br>
24.12.2010 година<br>
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за отстапување на користење и управување фискултурна сала на ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје**

1.Се објавува Одлуката за отстапување на користење и управување фискултурна сала на ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-10815/7** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самуправа /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002/ а во врска со член 3 став 1 алинеа 2 од Договорот за регулирање на меѓусебните односи при изградба на училишна зграда бр. 03-3363/1 од 17.09.2010 година, Советот на Општина Карпош, на Дваесет и осмата седница одржана на 24 декември 2010 година донесе

**О Д Л У К А**

за отстапување на користење и управување фискултурна сала на ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје

**Член 1**

Се отстапува на користење и управување новоизградена фискултурна сала на ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје, како дел од Проектот на Владата на Република Македонија за изградба и опремување на училишни спортски сали.

**Член 2**

Се задолжува ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“ да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-10333/7
24.12.2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски помош**

1.Се објавува Одлуката за доделување на финансиски помош донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08- 10815/8**
**28.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 16 од Статутот на општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош" бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Дваесет и осмата седница одржана на 24 декември 2010 година донесе

## О Д Л У К А
за доделување на финансиска помош

**член 1**

На Соколова Лилјана , мајка на бранителот Саше Соколов погинат во конфликтот во 2001 година, се доделува финасиска помош во износ од 30.000,00 денари.

**член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2010 година, Програма АО-Совет на Орштина Карпош, ставка 413 -тековна резерва, потставка 413110-тековна резерва.

**член 3**

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука да се пренесат во корист на Лилјана Соколова, со матичен број 1308949455058 , трансакциона сметка бр.300007016274943, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје.

**член 4**

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе Одлуката.

**член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07 -10333/8
24.12.2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилник за начинот на вршење видео надзор во Општина Карпош**

1.Се објавува Правилник за начинот на вршење видео надзор во Општина Карпош донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-10815/9** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), а во врска со член 9-б. став 2 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/05, 103/08 и 124/10), Советот на Општина Карпош на Дваесет и осмата седница одржана на 24 декември 2010 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ВИДЕО НАДЗОР ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на видео надзор во општина Карпош - објект на ул. „Демир Трајко” ББ - Скопје во кој е сместена Општина Карпош.

**Член 2**

Преку видео надзор се обезбедува заштита на животот и здравјето на вработените и странките, заштита на недвижниот и подвижниот имот на општина Карпош, како и обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на општина Карпош.

**Член 3**

Одредбите од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/09 и 158/10) и документацијата за техничките и организациските мерки донесена од страна на Советот на Општина Карпош соодветно се применуваат при обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

**Член 4**

Системот за видео надзор функционира со опрема за видео надзор која се состои од камери, монитор и дигитален видео рекордер.

Техничките карактеристики на опремата од став 1 на овој член ќе ги утврди Градоначалникот на Општина Карпош и тие ќе бидат составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Во службените простории на општина Карпош се истакнува известување на видливо место во кое се содржани информациите дека се врши видео надзор од страна на општина Карпош и телефонскиот број на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

Формата и содржината на Известувањето од став 1 на овој член е дадено во Прилог број 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Системот за видео надзор во службените простории на општина Карпош се врши преку поставување на камери и тоа само на следните места:

- службените влезови;
- ходници во подрум, приземје и кат;
- кон просторијата во која е сместена архивата;
- кон просторијата во која е сместена информатичко комуникациската опрема;
- скалите меѓу катовите;
- на сите агли на надворешната ограда околу објектот.

Поставувањето на системот за видео надзор од став 1 на овој член се врши согласно Планот за покривање на просторот и функцијата на системот за видео надзор во кој се означени местата на кои се поставени поединечните делови од системот за видео надзор.

Планот од ставот 2 на овој член ќе го донесе Градоначалникот на Општина Карпош и тој ќе биде составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Пристап до системот за видео надзор имаат овластени лица со различни привилегии на пристап до системот и тоа:

- технички лица (вработени лица во општина Карпош кои вршат обезбедување на нејзините службени простории) кои се овластени за следење на системот за видео надзор во функција на набљудување и следење на состојбата во текот на 24 часа со можност да ја гледаат сликата на мониторот;
- овластено лице кое е овластено за повремено следење на системот за видео надзор во функција на набљудување и следење на состојбата и единствено има овластување да презема и прегледува податоци од архивата на снимените материјали;
- администратор кој е овластен за одржување на техничката исправност на системот за видео надзор.

Техничките лица, овластеното лице и администраторот задолжително своерачно потпишуваат Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за видео надзор.

Формата и содржината на Изјавата од ставот 2 на овој член е дадена во прилог број 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 8**

Набљудувањето, снимањето и трансмисијата на видео надзорот се врши на дигитален видео рекордер со можност за трансмисија на видео сигналот преку комуникациска мрежа.

Снимањето се врши со дигитален видео рекордер при што снимката е кодирана да се чува најмногу 15 дена и да се пребришува по истекот на тој рок.

Пристапот до снимките се овозможува преку специјален софтвер или директно на дигиталниот видео рекордер, со употреба на корисничко име и лозинка.

Трансмисијата на видео сигналот може да се врши директно на дигиталниот видео рекордер преку мониторот со употреба на корисничко име и лозинка, или преку комуникациска мрежа со специјален софтвер или со директен веб пристап со употреба на корисничко име и лозинка.

Системот за видео надзор е конфигуриран да снима 24 часа.

За секој авторизиран пристап во општина Карпош се води евиденција во која се содржани особено следните податоци:

1.име и презиме на техничките лица и овластеното лице;

2.работната станица и корисничкото име за сите технички лица и овластените лица кога пристапуваат до информацискиот систем, заедно со нивото на авторизиран пристап за секое техничко лице и овластено лице, датумот и времето на пристапување, како и лични податоци кон кои е пристапено;

3.видот на пристапот со операциите кои се преземени при обработка на податоците;

4.запис за авторизација за секое пристапување;

5.запис за секој неавторизиран пристап;

6.запис за автоматизирано отфрлање од информацискиот систем и

7.идентификување на информацискиот систем од кој се врши надворешен обид за пристап во оперативните функции или личните податоци без потребното ниво на авторизација.

Евиденцијата од ставот 6 на овој член се чува најмалку пет години.

Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична проверка на податоците од ставот 6 на овој член, најмалку еднаш месечно и изготвува извештај за извршената проверка и за констатираните неправилности.

**Член 9**

Техничките лица, овластеното лице и администраторот имаат посебни привилегии за нивото на пристап до системот кои се дадени во посебни овластувања од страна на градоначалникот на општина Карпош.

**Член 10**

Техничките лица водат дневник во кој го евидентираат отпочнувањето и завршувањето на следењето на системот на видео надзор, како и неочекуваните случувања и настани во текот на своето работно време.

Во случај на појава на било кој неочекуван настан, техничките лица се должни веднаш да го известат градоначалникот на општина Карпош или лицето овластено од него.

**Член 11**

Прегледување на снимениот материјал од архивата од системот за видео надзор може да се врши само врз основа на писмено барање од Министерството за внатрешни работи и други надлежни истражни и судски органи согласно закон.

Во барањето од ставот 1 на овој член задолжително се наведува причината и законскиот основ, заради која се бара прегледувањето на снимките од системот за видео надзор.

Во случаите од ставот 1 на овој член, снимениот материјал се чува до завршување на постапките согласно закон, но најмногу до две години.

**Член 12**

Техничките карактеристики на опремата за видео надзор, Градоначалникот на Општина Карпош ќе ги утврди во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

**Член 13**

Планот за покривање на просторот и функцијата на системот за видео надзор во кој што се означени местата на кои се поставени поединечните делови од системот за видео надзор ќе го донесе Градоначалникот на Општина Карпош во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

**Член 14**

Специјалниот софтвер за пристап до системот за видео надзор ќе биде вграден во системот до 31.01.2011 година.

**Член 15**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Карпош”.

Бр.07-10333/9
24.12. 2010 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за висината на комуналните такси во Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за висината на комуналните такси во Општина Карпош донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-10815/10**
**28.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 2 став 2 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 64/05 и 92/07), а во врска со Одлуката за висината на комуналните такси во Општина Карпош („Службен гласник на Град Скопје" бр. 7/05 и 15/06) Советот на Општината Карпош на Дваесет и осмата седница одржана на 24 декември 2010 година донесе

# О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за висината на комуналните такси во Општина Карпош

### Член 1

Се врши изменување на Одлуката за висината на комуналните такси во Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош" бр. 07/05 и 15/06 и тоа:

Во тарифен бр. 20, во ред 2 наместо 15 KW h да стои текстот: „ 0,4 KV (домаќинства) по 25 KW h и 0,4 KV (објекти на трговски друштва и занаетчии) по 50 KW h".

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош", а ќе се применува од 1 јануари 2011 година.

Број 07-10333/10
24.12.2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлуката за исплата на еднократна парична помош

1.Се објавува Одлуката за исплата на еднократна парична помош донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-10815/11** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош" бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Дваесет и осмата седница одржана на 24 декември 2010 година донесе

## О Д Л У К А
за исплата на еднократна парична помош

**член 1**

Се одобрува исплата на еднократна парична помош на социјално најзагрозените семејстава од подрачјето на Општина Карпош во износ од 6.000,00 денари, поединечно на секое семејство по повод новогодишните празници.

**член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2010 година, Програма ЕО-Општинска администрација, ставка 471 –социјални надоместоци, потставка 471990-друга социјална помош.

**член 3**

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука да се пренесат во корист на финансиски најзагрозените семејства од подрачјето на Општина Карпош согласно списокот на Комисијата за доделување на социјална помош на Општина Карпош.

**член 4**

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе Одлуката.

**член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 -10333/11
24.12..2010 год.ина
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства

1.Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08- 10815/12** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош" бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Дваесет и осмата седница одржана на 24 декември 2010 година донесе

**О Д Л У К А**
за доделување на финансиски средства

**член 1**

На Заедницата на македонците во Албанија и Весникот на македонците во Албанија “Преспа“ се доделуваат финасиски средства во износ од 120.000,00 денари, како поддршка за нивна афирмација.

**член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2010 година, Програма АО-Совет на Орштина Карпош, ставка 413 -тековна резерва, потставка 413110-тековна резерва.

**член 3**

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука да се пренесат во корист на Редакцијата на весникот “Преспа“, трансакциона сметка бр.300007050832648, партија 50832662, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје.

**член 4**

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе Одлуката.

**член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 -10333/12
24.12..2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновск,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на настраданите од земјотресот во Краљево,Република Србија**

1.Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на настраданите од земјотресот во Краљево, Република Србија донесена на Дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-10815/13**
**28.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош" бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Дваесет и осмата седница одржана на 24 декември 2010 година донесе

## О Д Л У К А
за доделување на финансиски средства на настраданите во земјотресот во Краљево, Република Србија

**член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат финасиски средства во износ од 600.000,00 денари, солидарна помош на настраданите во земјотресот во Краљево, Република Србија.

**член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма АО-Совет на Орштина Карпош, ставка 413 -тековна резерва, потставка 413110-тековна резерва.

**член 3**

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе Одлуката.

**член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 -10333/13
24.12..2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновски,с.р.

## С О Д Р Ж И Н А

1-Програма за измена на Програмата за дејноста
спорт за 2011 година,со Решение за објавување ............................ 2-6

2.-Програма за заштита на потрошувачите на
подрачјето на Општина Карпош за период 2011-2012 година,
со Решение за објавување ..........................7-11

3.-Програма за измена и дополнување на
Програмата за енергетска ефикасност на
Општина Карпош за период 2008-2012 година,
со Решение за објавување ........................12-26

4.-Одлука за измена на Одлуката за организација,
делокруг и начинот на извршување на задачите
на општинската администрација на Општина Карпош,
со Решение за објавување .....................27-31

5.-Одлука за измена и дополнување на
Одлуката за утврдување на надоместок за градежно
неизградено земјиште за населени места
на подрачјето на ОпштинаКарпош,
со Решение за објавување ....................32-34

6.-Одлука за утврдување на потреба за
изработка на локална урбанистичка планска
документација за Локален водоснабдителен
систем-резервоар за санитарна вода Ѕ=100м3,
на дел од КП 2770 и дел од КП 2766,м.в.”Зарина”
КО Нерези и Локален водоснабдителен систем-резервоср
за санитарна вода Ѕ=100м3 на дел од КП 3233/1
м.в. “ПЕПЕРУПА” КО Нерези Општина Карпош,
со Решение за објавување .....................35-36

7.-Одлука за отстапување на управување и
користење на фискултурна сала во ОУ “Христијан
Тодоровски Карпош”, Општина Карпош Скопје,
со Решение за објавување .....................37-38

8.- Одлука за доделување на финансиска помош
на семејството на бранител загинат во конфликтот
во 2001 година,со Решение за објавување ....................39-40

9.-Правилник за начинот на вршење видео надзор
во Општина Карпош ,со Решение за објавување ..................41-46

10.-Одлука за изменување на Одлуката за висината
на комуналната такса во Општина Карпош ,
со Решение за објавување ..............47-48

11.-Одлука за доделување на еднократна парична
помош на социјално најзагрозените семејства на
подрачјето на Општина Карпош,
со Решение за објавување .................49-50

12.-Одлука за доделување финансиски средства на
Здружението на на македонците во Албанија и
на Весникот на македонците во Албанија "Преспа" ,
со Решение за објавување ..................51-52

13.-Одлука за доделување на финансиски средства
на настраданите во земјотресот во Краљево,
Република Србија,со Решение за објавување ...............53-54

**Издавач:** Општина Карпош
**Главен и одговорен уредник**:Хилда Ефтимова, раководител на сектор за правни работи
**Адреса:** Бул."Партизански одреди" бр.68, тел.3065-925
**Тираж:** 50 примероци